ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИЗВЕСТУВАЊЕ

# Средби со претставници на сметководствени друштва

Од следната недела, Институтот за сметководители и овластени сметководители (ИСОС) започнува нова серија консултативни средби со претставниците на сметководствените друштва низ целата држава. Една од главните цели на овие средби е да се слушнат размислувања на претставниците на фелата за предизвиците со кои се соочуваат во нивното секојдневно работење

Истовремено средбите се добра можност да се разменат мислења во врска со реализацијата на активностите кои треба да придонесат за натамошно унапредување на сметководствената професија во нашата земја.

Планирано е овие средби да послужат и како основа за процесот на подготовка на сеопфатна анализа на состојбата со цените на сметководствените услуги на пазарот и на платите во овој сектор, која треба да биде основа за креирање на најсоодветни одржливи решенија и механизми за утврдување на препорачани цени на секоја посебна сметководствена услуга, водејќи сметка за нивото на нивна сложеност. На овие средби би се дискутирало и за останати прашања кои се од интерес на сметководствените друштва и самостојните сметководители, а секако ќе стане збор и за процесот на имплементација на меѓународните сметководствени стандарди.

Средбите со претставниците на сметководствените друштва ќе се одвиваат според следниот **распоред**:

| Град на одржување на средбите | датум | час | локација |
|---|---|---|---|
| Кичево | 10/06/2024 | 10:00 | Хотел "Кичево" |
| Тетово | 10/06/2024 | 15:00 | Универзитет на Југоисточна европа |
| Виница | 11/06/2024 | 10:00 | Фондација Прогресив академија |
| Струмица | 11/06/2024 | 16:00 | Хотел "Сириус" |
| Гевгелија | 12/06/2024 | 10:00 | Кино,Гевгелија |
| Кавадарци | 12/06/2024 | 15:00 | Зграда на општина Кавадарци |
| Куманово | 13/06/2024 | 10:00 | Простории на поранешен "Комитет" |
| Штип | 13/06/2024 | 15:00 | Зградата на општина Штип |
| Прилеп | 14/06/2024 | 10:00 | Ресторан Стара Чаршија во Стара Чаршија |
| Битола | 14/06/2024 | 15:00 | Хотел" Милениум" |
| Струга | 15/06/2024 | 11:00 | Хотел "Дрим" |
| Скопје Чаир | 19/06/2024 | 10:00 | Зграда на општина Чаир |
| Скопје Центар | 19/06/2024 | 14:00 | Економски факултет при УКИМ |
| Скопје Карпош 3 | 19/06/2024 | 18:00 | Факултет за туризам и менаџмент |
| Скопје Аеродром | 20/06/2024 | 10:00 | ФОН Универзитет |
| Скопје Кисела Вода | 20/06/2024 | 14:00 | Дом на културата „Билјана Беличанец“ |

Планирано е вакви средби со сметководствените друштва и самостојните сметководители да бидат организирани и во иднина, со што ќе бидат опфатени и останатите општини и градови.

**На средбите се поканети сите заинтересирани претставници од сметководствените друштва, но заради организациски потреби, неопходно е секој заинтересиран учесник, најмалку 24 часа пред најавениот термин за средба, да го најави своето присуството со порака на е-меил адресата**: info@isos.com.mk

*Скопје, 07.06.2024*

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**
*ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.20 кат бр.2, Скопје, Република Северна Македонија*
тел.: +389 2 3200 030; +389 70 283 807; web: www.isos.com.mk; e-mail: info@isos.com.mk